СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

**МАКЕДОНСКА ТРАНСПОРТНА АСОЦИЈАЦИЈА - МТА**

СКМ-ЗП-РУ-08/03

# З а п и с н и к

од конститутивна седница на Македонската Транспортна Асоцијација
одржана на 01.03.2012 година

Врз основа на член 13 од Правилата за организацијата и начинот на работа на Македонската Транспортна Асоцијација - МТА (бр. 23-500/3 од 01.03.2012 г.), на 01.03.2012 година се одржа конститутивна седница на Македонската Транспортна Асоцијација - МТА.

Со седницата раководеше Стојмирка Тасевска, директор на Дирекцијата за застапување на интересите на членките.

На седницата се водеше расправа по следниот

## Д н е в е н  р е д

**I. Конститутивен дел**

1. Усвојување на Правилата за работа на Македонска Транспортна Асоцијација (МТА);
2. Избор на претседател на МТА;

**II. Работен дел**

1. Унапредување на железничките услуги согласно надлежностите на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор;
2. Актуелни состојби и проблеми во товарниот патен сообраќај.

**I. Конститутивен дел**
**Прва точка**

Кратко образлагање за содржината на Правилата за организацијата и начинот на работа на Македонската Транспортна Асоцијација, даде директорката Стојмирка Тасевска, нагласувајќи дека Асоцијацијата како стручен облик на организирање и работење во рамки на Стопанската комора на Македонија, ќе ги обединува членките од областа на транспортот, вклучително покрај давателите, и корисниците на транспортната услуга. Така, во рамки на Асоцијацијата согласно целите, задачите и функциите, ќе бидат вклучени членови кои ја третираат проблематиката на железнички, воздушен, патен и поштенски сообраќај, како и корисници на нивните услуги. Во Правилата јасно се дефинирани основните цели и задачи на Асоцијацијата, правата и обврските на членовите, управување со работењето на Асоцијацијата, соработката со други здруженија и други форми на организирање во Комората.

Присутните на седницата ги усвоија Правилата за организацијата и начинот на работа на Асоцијацијата, со забелешка да се направи надополнување на член 7, со кој ќе се овозможи избор на двајца потпретседатели, од кои едниот да биде давател на транспортна услуга, а другиот корисник на услугата.

**Втора точка**

Од претставникот на Комората, беше дадена информација дека до почетокот на седницата до стручната служба има пристигнато еден предлог за претседател на Асоцијацијата, за претставник од компанија која е една од иницијаторите за формирање на ваков вид на Асоцијација. Со оглед дека од страна на присутните на седницата немаше други предлози се пристапи кон гласање.

Врз основа на јавно гласање, едногласно, за претседател на Асоцијацијата за наредниот петгодишен период беше избран Иван Петровски од Фершпед АД Скопје.

Согласно доставениот предлог за дополнување на член 7 од Правилата за организацијата и начинот на работа на Асоцијацијата, се пристапи кон избор на двајца потпретседатели.

Врз основа на дадени предлози од страна на присутните а по пат на јавно гласање, едногласно, за потпретседатели на Асоцијацијата беа избрани Јане Адамчески од Макстил, компанијата која е една од најголемите корисници на транспортни услуги и Кире Диманоски од Македонски Железници Транспорт АД Скопје, моментално единствен давател на железнички услуги во земјата.

**II. Работен дел**

**Прва точка**

На седницата од страна на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор беа презентирани можностите за унапредување на железничките услуги согласно нивните надлежности, како независно регулаторно тело основано за обезбедување транспарентност и недискриминаторско работење на сите учесници кои обезбедуваат железнички услуги во Република Македонија. Дел од надлежностите вклучуваат издавање дозволи за вршење јавен железнички превоз и дозволи за управување со железничката инфраструктура, контрола на квалитетот на железничките услуги дадени од превозниците и управителите на инфраструктура; набљудување на железничкиот пазар, со цел да се анализира конкуренцијата меѓу различните видови на превоз и да се врши мониторинг на конкуренцијата на пазарот на железнички услуги, вклучувајќи го и пазарот за превоз на стока по железница....

При тоа беа презентирани и моменталните состојби на пазарот на железничките услуги во земјата, учеството во структурата на превезена стока наспроти камионскиот превоз, обемот на реализиран превоз на стоки со железница. Согласно на податокот дека во времето на економска криза од страна на МЖ Транспорт се превезува 3-4 милиони тони стока годишно, а имајќи ја во предвид статистиката од пред 20 години кога биле превезувани по 10 милиони тони годишно, може да се заклучи дека голем дел од инфраструктурните капацитетите се неискористени. Во таа насока ќе се наметне и потребата за следење на трендовите во земјите од нашето опкружување во однос на употребата на железницата, односно потенцирање на важноста за развој на мултимодалниот транспорт во Македонија.

**Втора точка**

Поставената точка на дневен ред за разгледување на актуелните состојби и проблеми во товарниот сообраќај повеќе беше во насока на поттикнување на теми кои би можеле да бидат предмет на разгледување и решавање на некоја од следните седници на Асоцијацијата. При тоа, присутните накратно беа информирани за оствареніот обем во товарниот патен сообаќај, проблемите со кои се соочуваат превозниците како застарениот возен парк, честото покачување на цената на горивото, отежнатата наплата на извршените услуги, потребата од интеграција во транспортот како неопходен чин како би се остварила добра координација, синхронизација и хармонизација меѓу различните видови превозни средства, како и потребата за развој на комбинираниот сообраќај во Р. Македонија.

Тргнувајќи од основните цели на своето делување, а во согласност и со изнесеното мислење на дел од присутните на седницата, Асоцијацијата во наредниот период ќе ги насочи активностите кон:

- Иницирање на предлози за надминување на тековните проблеми и отворените прашања во дејноста. За таа цел перманентно во текот на годината ќе се организираат седници, состаноци, контакти и сл.;
- Унапредување на соработката со надлежните државни органи и институции, особено со Министерството за транспорт и врски и Царинската управа на Република Македонија;
- Активно учество во изменување или донесување на нови законски прописи од обласста на сообраќајот и сродните дејности;
- Натамошно редовно информирање на членките за сите активности на Асоцијацијата и за актуелностите од сферата на сообраќајот.

Поконкретно дел од активностите на Асоцијацијата ќе бидат насочени кон разрешување на проблемите со кои се соочуваат компаниите од оваа дејност, како потребата од либерализација на услугите во железничкиот сектор, потребата од унапредување на квалитетот на железничката услуга, носење на соодветна регулатива за комбинираниот сообраќај, развој на мултимодалните јазли за меѓусебна поврзаност и претовар на транспортираната стока како услов за функционална и ефикасна транспортна логистика, како и прашањата за транспортната инфраструктура. Во таа насока, Асоцијацијата ќе ги разгледува и можностите за носење на стратегија која ќе услови развој на мултимодалниот концепт и транспортен систем во Република Македонија.

. / .

По исцрпување на дневниот ред седницата заврши во 12:30 часот.

Бр. 23-500/2
01.03.2012 година
С к о п ј е

Претседател на Асоцијацијата,
Иван Петровски